**СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Бул. Маркс и Енгелс бр. 3, 1000 Скопје**
**Тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401 е-пошта: sovet@srd.org.mk сајт: www.srd.org.mk**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА**
**Бр.** 03-1082/3
11.04. **2012 година**
**Скопје**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 11.04.2012 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 18 | 431/4 | | |

**До: Државен завод за ревизија**

**Предмет:** Доставување одговори на препораките и забелешките на Нацрт - Извештајот и на Нацрт - Менаџерскиот извештај на Државната ревизија на Советот за радиодифузија на РМ за 2010 година

Почитувани,

Во врска со Нацрт - Извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Советот за радиодифузија (наш бр.03-1082/1 од 16 март 2012 година) и Нацрт - Менаџерскиот извештај (наш бр.03-182/2 од 04 април 2012 година), во прилог Ви доставуваме Одговори на препораките и забелешките на Нацрт - Извештајот на Државната ревизија на Советот за радиодифузија на РМ за 2010 година и Одговори на препораките и забелешките на Нацрт - Менаџерскиот извештај на Советот за радиодифузија на РМ за 2010 година.

Срдечен поздрав,

**Совет за радиодифузија на РМ**
**Заменик на претседателот,**
____________________
**м-р Милаим ФЕТАИ**

**прилог бр.1 -** Одговори на препораките и забелешките на Нацрт - Извештајот на Државната ревизија на Советот за радиодифузија на РМ за 2010 година

**прилог бр. 2** - Одговори на препораките и забелешките на Нацрт - Менаџерскиот извештај на Советот за радиодифузија на РМ за 2010 година

Изработила:Магдалена Д. Довлева________________

Одобрила: Андриана Скерлев Чакар ________________

**Прилог бр.1**

# Одговори на препораките и забелешките на Нацрт - Извештајот на Државната ревизија на Советот за радиодифузија на РМ за 2010 година

## 1. Одговор на препораките и забелешките што се однесуваат на проектите од јавен интерес

**<u>Забелешка од ДР во Резимето на Нацрт Извештајот и Препорака во Т. 4.1.8.:</u>** Проектите од јавен интерес не се предадени на националните установи за заштита на културното наследство (стр. 2, 3 и13)

<u>Одговор:</u> Советот ја прифати забелешката на Државната ревизија и донесе Одлука за предавање на реализираните проекти од сите конкурси на националните установи за заштита на културното наследство.

**<u>Забелешка од ДР во Нацрт Извештајот</u>**: исплатите на средствата се извршени без утврдена постапка и процедура (стр.2)

<u>Одговор:</u> Со оглед на тоа што во актуелниот Закон за радиодифузната дејност не е предвидено финансирање проекти од јавен интерес, не постои законска основа Советот да донесе посебен подзаконски акт со кој би се регулирала процедурата за исплата на средствата. Меѓутоа, оваа проблематика е децидно утврдена во Точка 9. – „Користење на средствата" од Договорите за финансирање радио/телевизиска програма од јавен интерес, каде се точно утврдени условите за исплата на секоја поединечна рата.

**<u>Забелешка од ДР во Резимето на Нацрт Извештајот и Препорака во Т. 4.2.4 :</u>** Не е извршено задолжување на корисниците за враќање на делумно исплатените средства по огласите од 1 до 5 за незавршените проекти (стр.2, 3, 18 и 19).

<u>Одговор:</u> Советот ја прифати забелешката на Државната ревизија и на 5-тата седница одржана на 20.03.2012 година, донесе Заклучок (бр.02-1071/29) со кој го задолжи Секторот за правни работи да изврши увид во конкурсните услови и во договорите склучени со учесниците на сите досегашни конкурси, со анализа на правните аспекти за сите конкуреси и анализа на склучени договори од аспект на права и обврски за договорните страни. Во зависност од наодите до кои ќе дојде Секторот за правни работи, ќе бидат преземени понатамошни активности во насока на враќање на делумно исплатените средства по огласите од 1 до 5 за незавршените проекти.

**<u>Забелешка од ДР во Резимето на Нацрт Извештајот и Препорака во Т. 4.2.4:</u>** да се воспостави целосна евиденција –софтвер (стр.3 и 18).

<u>Одговор:</u> Во Финансискиот план на СРД и во Годишниот план за јавни набавки не се предвидени средства за софтвер за евиденција на проектите од јавен интерес.

**<u>Препорака од ДР во Т. 4.1.8. :</u>** СРД да изврши попис на целокупната продукција со која располага (стр.13)

<u>Одговор:</u> Советот ја прифати забелешката на Државната ревизија и на 5-тата седница одржана на 20.03.2012 година, донесе Заклучок (бр.02-1071/29) со кој одлучи да се формира комисија, која има за цел да изготви извештај со податоци за состојбата на сите заостанати проекти од јавен интерес кои започнале или воопшто не започнале со реализација, вклучувајќи ги и податоците за состојбата со доделените финансиски средства и средствата што остануваат за исплата од страна на Советот. Комисијата ќе изврши попис и на целокупната продукција со која располага Советот.

**<u>Препорака од ДР во Т. 4.1.8.:</u>** СРД да ги задолжи продуцентите и Кинотека на РМ да склучат договор за регулирање на правата на достапност и користење на аудиовизуелните добра, согласно член 22 од Законот за аудиовизуелни добра (стр.13)

<u>Одговор:</u> Советот ја прифати забелешката на Државната ревизија и согласно Одлуката за предавање на реализираните проекти од сите конкурси на националните установи за заштита на културното наследство, Советот ќе и ги предава задолжителните примероци од телевизиските програми од јавен интерес на Кинотека на РМ - Скопје и на радио програмите од јавен интерес на Националната и универзитетска библиотека „Свети Климент Охридски" - Скопје.

**<u>Забелешка од ДР во Т. 4.2.3.:</u>** Не се води посебна евиденција на прегледани проекти (со назив на ТРД и дата) во месеците кога е извршена исплата и за часовите поминати во нивно прегледување и оценување што е спротивно на член 6 од договорот (стр.15)

<u>Одговор:</u> Советот ја прифати забелешката на Државната ревизија и изработи посебен образец за евиденција на прегледаните проекти во месецот за кој се врши исплата, во кој се содржани податоците за датумот на кој е извршено прегледувањето, точното време на доаѓање и заминување на надворешниот соработник, името на продуцентот, името и времетраењето на проектот и мислењето на надворешниот соработник.

**<u>Забелешка од ДР во Т. 4.2.3.:</u>** Не се води посебна евиденција за присуство на надворешниот соработник (доаѓање и заминување) во деновите во кои се врши преглед на проектите во деловните простории на Советот за да може да се потврдат часовите и деновите на вршењето на работата. (стр.15)

<u>Одговор:</u> Советот ја прифати забелешката на Државната ревизија и покрај изготвувањето на образецот за евиденција на прегледаните проекти во месецот за кој се врши исплата на лицата кои како надворешни соработници се ангажирани да вршат

технички преглед на телевизиските и радиските проекти од јавен интерес, им даде картици за евиденција на присуството.

**<u>Забелешка од ДР во Т. 4.2.3.:</u>** Не се изготвува мислење туку картони за одделни проекти кои не секогаш се потпишани и дел од нив немаат датум што е спротивно на член 3 од договорот. (стр.15)

<u>Одговор:</u> На картоните што ги изготвуваат лицата кои како надворешни соработници се ангажирани да вршат технички преглед на телевизиските и радиските проекти од јавен интерес се запишува мислењето со конкретните забелешки, а во иднина ќе се внимава секогаш да стои потпис и дата.

**<u>Забелешка од ДР во Т. 4.2.3.:</u> <u>Препорака</u>:** Одговорните лица во СРД да воспостават процедура со што ќе се обезбеди целосно спроведување на контрола на трошоците за преглед и оценка на техничкиот квалитет на проектите од јавен интерес, согласно склучениот договор. (стр.16)

<u>Одговор:</u> Советот ја прифати забелешката на Државната ревизија и одговорните лица во Советот воспоставија процедура со што ќе се обезбеди целосно спроведување на контрола на трошоците за преглед и оценка на техничкиот квалитет на проектите од јавен интерес, согласно склучениот договор.

## 2. Одговор на препораките и забелешките што се однесуваат на економско-финасиското работење на Советот

**<u>Забелешка од ДР во точка 4.1.2 :</u>** Контролата на сметководствените документи врз кои се спроведени книжењата не се контролирани од страна на овластено лице, ниту пак име лице задолжено за тоа ( стр.8 и 9)

<u>Одговор:</u> Контролата на документацијата се врши од страна на Секторот за економско финансиски работи, но во случај на предметната забелешка, Советот ќе задолжи лице – ликвидатор за контрола на сметководствената и формалната вистинитост и точност на сметководствените документи. Досега, вакво лице не било назначено, само од причина дека Советот нема голем обем на сметководствени документи.

**<u>Забелешка од ДР во точка 4.1.3 и точка 4.2.1:</u>** При признавањето на приходите и расходите да се применува модифицираното начело за признавање на истите во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период (стр. 9 и стр.13 и 14)

Стручна служба на СРД: Советот ја прифати препораката дадена во Нацрт извештајот на Државната ревизија и презеде активности за постапување по истата.

**Препорака во т. 4.1.4.-** Претседателот на СРД да преземе мерки за квалитетно организирање и извршување на пописот на средствата и изворите на средствата, согласно законските обврски (стр.9).

Одговор: Сите наведени забелешки ќе се имаат предвид во натамошното работење на пописните комисии.

Во иднина, наместо како досега - на две пописни листи од кои на едната се прикажани натуралнати вредности, а на другата сметководствени (парични) вредности на основните средства, пописната комисија овие вредности ќе ги евидентира на една листа.

За основните средства - компјутерска опрема, коишто не се употребуваат поради нивна физичка и техничка застареност, уште при пописот за 2011 година е сочинета посебна пописна листа за отпис, од што произлегува дека Советот уште во 2011 година постапувал по оваа препорака.

Сепак, укажуваме дека забелешката според кој податоците за нематеријалните средства не се составен дел на пописните листи на основни средства, не е точна затоа што овие податоци се составен дел на пописните листи. .

**Забелешка од ДР во точка 4.1.5:** СРД не води дел од пропишаните задолжителни помошни книги на соодветен начин (стр.10 и 11)

Одговор: Советот ја прифати препораката и ќе преземе активности за нејзино спроведување.

**Забелешка од ДР во точка 4.2.2 :** ревизијата не доби компетентни и реални докази за објективноста на искажаните расходи во вкупен износ од 976 илјади денари (стр.14 и 15).

Одговор: За потрошеното гориво за службените возила во износ од 433 илјади денари има соодветни сметки кои се потпишани од овластените лица на Советот.

Фактурите за извршеното сервисирање на возилата и софтверот во износ од 270 илјади денари се потпишани од овластени лица од Советот како потврда дека наведената работата е извршена. Во иднина во прилог на доставените фактури ќе се доставуваат и работни налози.

Дневниците за службените патувања во странство се исплатени согласно Уредбата за службени патувања во странство.

**<u>Забелешка од ДР во точка 4.2.4 :</u>** Орочување на средствата од ПЈИ (стр.18).

<u>Одговор:</u> Согласно неопределените крајни рокови за завршување на проектите од јавен интерес во Одлуките, а со цел да не се намали вредноста на расположивите средства, средствата се орочувани по кој основ е остварена позитивен приход од камати, кои се прикажани во финансиските извештаи на СРД.

**<u>Забелешка од ДР во точка 4.2.5:</u>** неусогласеност на одделни позиции во активата и пасивата на Билансот на состојба за 2010 година (стр.19).

<u>Одговор:</u> Советот ја прифати препораката и ќе преземе активности за нејзино спроведување.

**<u>Забелешка од ДР во точка 4.2.6:</u>** неусогласеност на искажани податоци за вредноста на материјалните и нематеријалните вложувања во деловните книги со состојба на 31.12.2010 година (стр.20).

<u>Одговор:</u> Со цел да се надмине состојбата во однос на вкупно пресметаната амортизација, ќе се преземат активности за прераспределување на пресметаните вредности по соодветни конта, на начин како што предлага ДЗР.

Начинот на книжење на пресметаната ревалоризација, што го предлага Државната ревизија, веќе е применет при книжењето на пресметаната ревалоризација во 2011 година, а за претходните периоди податоците дополнително ќе бидат усогласени.

**<u>Забелешка од ДР во точка 4.2.7:</u>** во однос на ненаплатените побарувањата од трговските радиодифузни друштва по основ за надоместок за дозволата (стр.20 и 21).

<u>Одговор</u>: Советот во континуитет ја следи наплатата на надоместокот за дозволите и во текот на годината, радиодифузерите кои должат, по неколку пати се предупредуваат за наплата на долгот. Покрај сето ова, Советот ќе пропише и процедура која ќе се применува во вакви случаи.

**<u>Забелешка од ДР во точка 4.2.8:</u>** забелешки во однос на евидентираните побарувања што се однесуваат на пресметаниот годишен надоместок за дозволата (стр.21 и 22).

<u>Одговор:</u> Советот ја прифати препораката дадена во Нацрт извештајот

**<u>Забелешка од ДР во точка 4.2.9:</u>** пресметка на камата за задоцнето плаќање на фактурите за годишен надоместок за дозволата (стр.22 и 23).

<u>Одговор:</u> Советот ја прифати препораката дадена во Нацрт извештајот

**<u>Прилог бр2 составен дел на Нацрт извештајот:</u>** преглед на радиодифузерите кои делумно го платиле надоместокот (стр.77 и 78).

<u>Одговор:</u> податоците кои се наведени во последната колона (Вкупно), не соодветствуваат со фактичката сметководствена состојба на 31.12.2011 година и за одредени трговски радиодифузни друштва, потребно е овие податоци треба да се корегираат со подолу наведените вредности:

- Реден бр.1 ТРД Канал 5 Плус на 31.12.2011 година не должи
- Реден бр.2 ТВ Ера Скопје наместо 713 илјади денари должи 149 илјади денари
- Реден бр.3 ТВ Амазон Скопје наместо 556 илјади денари должи 406 илјади денари
- Реден бр.4 ТВ Крт Скопје наместо 727 илјади денари должи 876 илјади денари
- Реден бр.5 ТВ Арт Тетово наместо 138 илјади денари должи 95 илјади денари
- Реден бр.6 Радио Рос Скопје наместо 642 илјади денари должи 485 илјади денари
- Реден бр.7 Радио Сити Скопје наместо 219 илјади денари должи 129 илјади денари
- Реден бр.8 Радио Клуб ФМ Скопје наместо 227 илјади денари должи 137 илјади денари
- Реден бр.9 ТВ Менада Тетово наместо 144 илјади денари должи 116 илјади денари
- Реден бр.11 ТВ МНЦ (24 Вести) Скопје наместо 6.223 илјади денари должи 3.722 илјади денари
- Реден бр.12 ТВ АБ Канал Скопје наместо 1.000 илјади денари должи 2.605 илјади денари
- Реден бр.13 ТВ Наша ТВ Скопје наместо 1.704 илјади денари должи 2.649 илјади денари
- Реден бр.14 ТРД ТВ Сонце на 31.12.2011 година не должи
- Реден бр.15 ТВ Шутел Скопје наместо 931 илјади денари должи 464 илјади денари
- Реден бр.16 ТВ Хана Куманово наместо 279 илјади енари должи 139 илјади денари
- Реден бр.18 ТВ Ускана Кичево на 31.12.2011 година не должи
- Реден бр.19 Радио Класик ФМ Скопје наместо 450 илјади денари должи 158 илјади денари
- Реден бр.20 Радио Чоки 5 Прилеп наместо 58 илјади денари должи 18 илјади денари
- Реден бр.21 Радио МХ Охрид наместо 32 илјади денари должи 21 илјади денари и
- Реден бр.22 Радио Лав Охрид наместо 43 илјади денари должи 22 илјади денари.

## 3. Одговор на препораките и забелешките што се однесуваат на користењето на службените моторни возила

**<u>Забелешка во Резимето:</u> "...** кај користењето на службените возила неможност да се утврди дали истите се користат за службени потреби или за лични цели." (стр. 2)

**<u>Забелешка во т. 4.2.2.</u>** – "Ревизијата не доби компетентни и релевантни докази за да ја потврди реалноста и објективноста на искажаните расходи во вкупен износ од 976 илјади денари, по основ на:

Потрошено гориво за користење на службени возила во износ од 433 илјади денари поради неприменување на одредбите во Правилникот за условите и начинот на користење на службените моторни возила на СРД, од јули 2007 година, односно: не се изготвуваат налози за користење на службено моторно возило, раководителот на Стручната служба не изготвува месечни извештаи за користење на возилата кој треба да содржи број на поминати километри во месецот, потрошено гориво, потрошено масло, трошоци за поправка, сервисирање и др., не се донесени одлуки (решенија) за лицата кои ги користат возилата, двете возила набавени во 2010 година ги користат главно Претседателот и Заменикот на претседателот на Советот, без налози за користење на возилата а сметките од набавено гориво не секогаш имаат регистарски број на возилото.

Поправки и сервисирање на софтвер и возила во износ од 270 илјади денари поради некомплетна документација (не се приложени работни налози, или нецелосно се пополнети налози – нема потпис за потврда на извршената работа)." (стр.14)

**<u>Препорака во т. 4.2.2.</u>** – "Одговорните лица во СРД да обезбедат:

Целосно применување на одредбите во Правилникот за условите и начинот на користење на службените моторни возила на СРД.

Исплатите за поправки и сервисирање на опрема и возила да се вршат врз основа на фактури со прилог на пополнети работни места." (стр.14)

<u>Одговор</u>: Советот ги прифати забелешките и веќе пристапи кон изработка на нов Правилник за користење на службените моторни возила на СРД, во кој ќе бидат вградени сите препораки на овластениот државен ревизор во однос на користењето на службените моторни возила на СРД, затоа што постојниот правилник е неприменлив и контрадикторен. Правилникот е донесен во 2007 година, и оттогаш има промена на регулативата, но и на други подзаконски акти на СРД, а се промениле и бројот на возилата, бројот на членови на СРД и вработени. Воедно, потребно е да се усогласи новиот Правилник за користење на службените моторни возила на СРД со постојната Систематизација на СРД, од причина што се контрадикторни, односно потребно е во двата акта исто лице да биде одговорно за иста работа, односно двата акта на ист начин да уредат иста проблематика. Исто така, треба измени на актот за

Систематизација во насока да се додаде и кај вториот возач дека е одговорен и за одржување на возилата. Во новиот Правилник за користење на службените моторни возила на СРД ќе биде прецизирано и кој може да ги вози службените моторни возила и во кои ситуации, а Секторот за правни работи ќе изработи таков акт (одлука, решение) за лицата кои ги користат возилата.
Што се однесува до забелешката од точка 4.2.2.(за потрошеното гориво за користење на службени моторни возила на СРД) на Нацрт извештајот за овластениот државен ревизор, направени се годишни извештаи за 2010 и за 2011 година (бр.03-125/1 од 16.01.2012 и бр. 03-4709/1 од 30.12.2011 година) и тие им се предадени на ревизорите. Земени се предвид забелешките на овластениот државен ревизор за неводењена месечни извештаи за сите три службени возила од јануари 2012 година па наваму. Имено, по препораката на ДЗР, откако беа обезбедени услови, лицата кои управуваа со возилата започнаа да ги доставуваат потребните документи и со тоа се создадоа претпоставки за изработка на детален месечен извештај за сите три службени возила кој ги содржи податоците за поминати километри, потрошено гориво и поправки на возилата.

**<u>Забелешка во т. 4.3.3.</u>** – Во 2009 и 2010 година извршен е отпис на две службени моторни возила, по донесени одлуки за отпис, врз основа на извештаи потпишани од раководител на Секретаријат и возачите во СРД. Во извештаите е наведен истиот дефект кај двете возила односно дека возилото се наоѓа во неисправна состојба поради тоа што моторот е зарибан. Во моментот кога е настаната материјалната штета на службените возила, не е составен записник на лице место од стручни лица за да се утврди причината поради која е настаната, како и не е утврдено кое лице управувало со возилото, што не е во согласност со член 9 од Правилникот за условите и начинот на користење на службените моторни возила на СРД, донесен во 2007 година. Поради наведеното не може да се утврди дали штетата е предизвикана по вина на корисникот на службено моторно возило кое управувало со возилото или пак е поради несоодветно сервисирање на истото од страна на фирмата која го сервисирала возилото. И во едниот, и во другиот случај резултатот од ваквото несоодветно однесување од страна на одговорните лица во СРД придонело да не се надомести штетата која настанала на службени моторни возила кои се во сопственост на државата." (стр.24-25)

**<u>Препорака во т. 4.3.3.</u>** – "Одговорните лица во СРД да преземат активности за утврдување на фактичката состојба со дополнителна проверка на документацијата и евентуална одговорност од одговорните лица." (стр.25)

<u>Одговор:</u> Советот ја прифати забелешката и на мислење е дека е потребно во новиот Правилник за користење на службените моторни возила на СРД, чија изработка веќе е во тек, да се прецизира дека при евентуална хаварија на некое од службените моторни возила на СРД, треба да се состави записник на лице место од страна на стручни лица за да се утврди причината поради која е настаната хаваријата. Што се однесува до отписот на двете службени моторни возила на СРД во 2009 и 2010 година (Ланчија и Берлинго), за Ланчијата е можно и сега да се побара некој записник од стручни лица за утврдување на состојбата на возилото, но за Берлингото тоа не може да се направи, од причина што возилото е продадено, по завршена соодветна процедура. Не постои

дополнителна документација, освен таа што беше презентирана пред ревизорите. Врз основа на изјавите за настанатата хаварија на двете возила на лицето Љубе Тарчуговски, возач, задолжен за одржување на службените моторни возила на СРД (согласно Систематизацијата на СРД), Раководителот на Секретаријатот ги има потпишано тие документи и истите беа на дневен ред на една од седниците на СРД, каде што од членовите на СРД беа донесени соодветни одлуки за отпис на двете службени моторни возила.

Секретаријатот ќе побара искуства и од други соодветни институции, за да може во новиот Правилник за користење на службените моторни возила на СРД да се прецизира што точно треба да се направи при евентуална хаварија на некое од службените моторни возила на СРД, како и при евентуални други штети на службените возила.

## 4. Одговор на препораките и забелешките што се однесуваат на правниот аспект на работењето на Советот

**Препорака во т. 4.1.1.** – СРД да преземе активности во соработка со надлежното тело во Собранието за уредување на прашањето на бруто платите и на другите надоместоци на членовите на Советот (стр.8 и 9).

Одговор: Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Претседателот на Советот, Заменикот и членовите на Советот е донесен во согласност со дефиницијата на Советот соджана во член 21 од ЗРД според која Советот е независно регулаторно непрофитно тело со јавни овластувања во радиодифузната дејност утврдени во тој Закон.

Дадената препорака Советот да преземе активности за соработка со Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на РМ, во насока Комисијата да изготвува поединечни решенија за плати за секој член на Советот, е неприменлива од причина што Комисијата согласно Законот за плата и други надоместоци на избраните и именувани лица во Република Македонија, донесува акт – Одлука за утврдување на коефициенти за плати на функционери кои се финансираат од средства на буџетот на Републиката. Напоменуваме дека Советот за радиодифузија не е корисник на буџетски средства, туку се финансира исклучиво од радиодифузната такса и надоместокот за дозволи за вршење радиодифузна дејност, што е, можеби, причина што Комисијата не изготвила акт за плати на членовите на Советот.

Имајќи ги предвид одредбите содржани во Законот за плата и други надоместоци на избраните и именувани лица во Република Македонија, а со цел во иднина да се создадат услови за надминување на вакви и слични недоразбирања во однос на прашањето за утврдување на бруто платите и на другите надоместоци на членовите на Советот, ова прашање ќе биде детално уредено со новиот Закон за радиодифузната

дејност/Закон за медиуми, кој е во постапка на подготвување, со што ќе се обезбеди постапување по дадената препорака на Државната ревизија.

**Препорака во т. 4.1.6.** – СРД при одлучувањето за одредени права на членовите на Советот да се обрати до надлежното работно тело на Собранието на РМ, заради обезбедување на мислење (стр.11).

Одговор: СРД ја прифаќа дадената препорака, а со цел во иднина да се создадат услови за надминување на вакви и слични недоразбирања во однос на прашањето кои права произлегуваат за членовите на Советот од нивниот избор и востановувањето на работниот однос во Советот за радиодифузија (на пр. правото на дополнително работење, и сл.), ова прашање ќе биде уредено со новиот Закон за радиодифузната дејност/Закон за медиуми, кој е во постапка на подготвување, со што ќе се обезбеди постапување по дадената препорака на Државната ревизија.

Во однос на забелешката дека еден член на Советот се јавува во својство на ментор на друг член на Советот, напоменуваме дека ниту еден член на СРД нема земено магистерска теза под менторство на друг член на СРД што може да се провери при Универзитетот Кирил и Методи во Скопје.

**Препорака во т. 4.3.4.** – СРД да врши набавки на стоки, услуги и работи по претходно спроведени постапки согласно ЗЈН, во однос на набавка на гориво за потребите на службените возила и за користење фиксна и мобилна телефонија (стр.25).

Одговор: СРД ја прифаќа препораката, и има делумно постапено по истата. Имено, Советот во текот на 2011 година спроведе постапка за јавна набавка за услугата на мобилна телефонија, откако истече важноста на постојниот склучен договор за услугата на мобилна телефонија, кој доколку беше предвреме раскинат ќе беше потребно да се плаќаат пенали од страна на Советот.
Во однос на услугата на фиксната телефонија и набавка на гориво за потребите на службените возила, ќе се пристапи кон примена на дадената препорака.

**Препорака во т. 4.3.6.** – При изработката на тендерска документација заедно со техничка спецификација и при вршењето евалуација на понудите и пополнување на извештаите од спроведената постапка, СРД да ги користи обрасците согласно Методологијата за изразување на критериумите за доделување на договор за јавна набавка во бодови, Правилникот за содржината на тендерската документација и Правилникот за формата и содржината на образецот на извештајот за спроведената постапка (стр.25, 26, 27).

Одговор: СРД ја прифаќа препораката, и укажуваме дека има постапено по истата. Имено, почнувајќи од 2011 година, Советот во постапките за јавни набавки ги користи обрасците согласно Методологијата за изразување на критериумите за доделување на договор за јавна набавка во бодови, Правилникот за содржината на тендерската документација и Правилникот за формата и содржината на образецот на извештајот за спроведената постапка.

*Изработиле:*

*Горан Радуновиќ*________________

*Цветанка Митревска*_____________

*Слободан Беличански*_____________

*Арбен Саити*____________________

*Магдалена Д. Довлева*____________

*Одобрила:*

*Андриана Скерлев-Чакар*___________

Прилог бр.2

# Одговори на препораките и забелешките на Нацрт - Менаџерскиот извештај на Советот за радиодифузија на РМ за 2010 година

1. Одговор на препораките и забелешките што се однесуваат на набавка на софтвер за за евиденција на оператори на јавни комуникациски мрежи

Забелешка од ДР во т 2.1.1: Исплатата на средства во 2010 година во износ од 124 илјади денари за надградба на постоечкиот софтвер за евиденција на оператори на јавни комуникациски мрежи набавен од фирмата EIN SOF – ДООЕЛ – Скопје во февруари 2009 година. Притоа се цитира член 5 од Договорот од 14 јануари 2009 година, каде стои дека носителот на набавката се обврзува да го одржува и дополнува тој софтвер, во период од две години. (страна 2, точка 2, подточка 2.1, алинеја 1)

Одговор: Во член 1 од Договорот за јавна набавка на услуги од 14.01.2009 година е определен предметот на набавка- Софтвер за евиденција на оператори на јавни комуникациски мрежи за потребите на Советот за радиодифузија на РМ, на начин што е наведено дека тој опфаќа негово инсталирање на 5 компјутери во Советот, дополнување на софтверот и негово одржување на софтверот во рок од 2 години и обука зе 5 вработени во Советот за употреба на софтверот. Во членот 5 стои обврска на носителот на набавката да го одржува и дополнува софтверот во период од 2 години, секогаш кога за тоа ќе има потреба и по барање на добавувачот. Цената без пресметан ДДВ е 209 850 денари, а ДДВ-то изнесува 37 773 денари.

На наведениот договор му претходеше подготовка на тендерска документација од декември 2008 година, со следниве побарувања:

1) Главен прозорец
2) Прозорец за оператор на јавна комуникациска мрежа
3) Прозорец за програмски канали
4) Прозорец за налози за исклучување
5) Прозорец за надзор
6) Прозорец за прекршочни постапки
7) Прозорец за кривични постапки
8) Прозорец за претставки од граѓаните
9) Прозорец за извештаи
10) Детални податочни побрувања
11) Шифрарници
12) Физички лица
13) Оператори на јавна комуникациска мрежа
14) Основање на оператор на јавна комуникациска мрежа
15) Оператори на јавна комуникациска мрежа,
16) Програмски пакети..
17) Промена на основни податоци

18) Промена на содружници и/или нивно учество
19) Промена на управител
20) Промена на програмски пакети
21) Мониторинг врз работата на операторите на јавна комуникациска мрежа
22) Налози за исклучување
23) Инспекциски надзор
24) Прекршочни постапки
25) Кривични постапки
26) Претставки од граѓани

На 26.05.2010 година во архивата на Советот под бр.03-1500/1 е евидентирано барање за надградба на Софтверот за евиденција на операторите на јавни комуникациски мрежи со напомена дека поради зголемениот обем на работни задачи во Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторските и сродните права, се јавила потреба од дополнителни можности како и промена на постоечките функции во софтверот за авиденција на операторите на јавни комуникациски мрежи.

Врз основа на заклучок на Советот за радиодифузија, е донесена одлука за потреба од јавна набавка бр.02-1662/1 од 01.06.2010 година по што се сочинети Записник за преговарање бр.03-1662/5 од 04.06.2010 година, Извештај од спориведена постапка бр.03-1662/6 од 04.06.2010 година и Одлука за избор на најповолна понуда бр. 02-1662/7 од 08.06.2010 година за да на крај биде склучен Договор за јавна набавка на ден 21.06.2010 година, помеѓу Советот за радиодифузија на РМ, како набавувач и EIN SOF – ДООЕЛ – Скопје како носител на набавката. Во член 1 од договорот е утврден неговиот предмет со детализирање што се подразбира надградбата на софтверот за евиденција на оператори на јавни комуникациски мрежи. Предметот на договорот се состои од следниве 15 функционалности:

1) Од сите програмски пакети може да се прават извештаи (со и без авторски права)
2) Полињата при преглед на екран и принт се зголемени согласно големината на откуцаниот текст.
3) Во рамките на потврди за програмски пакети се додадени дополнителните полиња за извештаи (бр. седница, датум седница, итн)
   3.1) Со тоа што се додадени две нови полиња во базата, тие под default се непополнети. Претходните потврди ќе мора да се дополнат.
4) Опција за да се прикажува кога некој пакет истекува.
5) Опција за некои канали да се заведат како неограничени.
6) При креирање на нови канали титлот го влече од оригиналниот.
7) Да се направи template за печатење на потврди со преземање на одредени податоци од база.
8) Одредени извештаи да се променети/додадени соодветно барањата.
9) Опција при креирање на програмски пакет да се одбере дали е Аналоген или Дигитален.

10) Во рамките на "Програмски сервиси" во извештаите да се додаде опција да се прикаже кои оператори/пакети соддржат даден канал.
11) Да се продолжи комбото на оператори со што подобро би се гледал називот на операторот.
12) Да се промени опцијата за да се прикаже кои оператори/пакети содржат даден канал така што ќе ги печати сите информации (вклучувајќи ги историите) согласно барањето.
13) Извештаите се корегирани согласно барањата (пр. Радио Дифузија -> Радиодифузија, да се додаде време на истекување во извештаите за Пакети – авторски права, итн)
14) Во рамките на печатење потврда додадена е опција со што би можело да се смени тековната функција за издавање на потврдата (претседател, заменик претседател, итн) како и можност да се смени тековната година, тековното име на издавачот преку параметри кои се објаснети во документацијата.
    Да се додадат две празни места на истата потврда, поместен е текстот согласно барањето.
15) Да се вметне код со што би се шифрирале некои податоци за подобра заштита кога ќе се мигрира серверот на SQL 2005.

Во договорот за јавна набавка од 21.06.2010 година е утврдена цена без ДДВ од 105 000 денари и цена со ДДВ од 123 900 денари.

15-те функционалности што се предмет на договорот од 21.06.2010 година функционираат до денес што значи дека немало и нема приговори на квантитетот и квалитетот на извршените работи во рамките на надградбата на софтверот.

Од аспект на креирање на информатички програми, терминот дополнување, со кои оперира договорот за јавна набавка од 14.01.2009 година опфаќа одстранување на грешки кои се појавуваат во текот на работењето или грешки забележани од страна на корисникот како и менување на форма за полесна работа на корисникот. Ова значи дека терминот и поимот дополнување не подразбира и не опфаќа менување на основната база и функционалностите туку само менување на корисничкиот интерфејс со што овој се прилагодува кон корисникот. Надополнувањето опфаќа и промена на оперативниот систем односно адаптирање на истиот, доколку во текот на употребата на софтверот се случи некоја промена поради која програмата не може да работи што значи дека нејзиниот креатор е должен да ја „поправи и прилагоди" на новите услови.

Со оглед на квантитетот и квалитетот на новите 15 функционалности, извршените работи треба да се подведат под поимот надградба на софтвер кој не е покријан со договорот од 14.01.2009 година така што новата постапка за јавна набавка, за надградба на софтверот, се појавува како законита, без штета по финансиските интереси на Советот за радиодифузија како носител на набавката.

Препорака од ДР во т 2.1.1

"Одговорните лица на СРД да превземат активности:

- При склучување на договори за вршење на услуги /набавка на софтвер, јасно и прецизно да ги дефинираат одредбите кои се однесуваат на надградба и дополнувања

Одговор: Советот ја прифати препораката на Државниот завод за ревизија, така што при јавните набавки што ќе следат, во секој конкретен случај попрецизно ќе биде определено договорните страни што подразбираат под термините и поимите „одржување на софтверот", „дополнување на софтверот" и „надградба на софтверот", со цел да се надминат можни недоразбирања и спорови при толкувањето на договорите во текот на нивното извршување.

## 2. Одговор на препораките и забелешките што се однесуваат на економско-финансиското работење на Советот

**Забелешка во т. 1.2:** При пописот на на паричните средства (денарска и девизна благајна) нема составено записник за фактичката состојба на средствата со броење според апоените (стр. 2)

Одговор: Советот ја прифаќа препораката и во иднина ќе ја применува, односно при пописот на благајните ќе се наведат и апоените на денарските и девизните средства, согласно одредбите од член 30 и 36 од Правилникот за сметководство на непрофитните организации. .

**Забелешка во т. 2.1:** Начинот и услови за користење на средствата наменети за угостителски услуги (стр. 3)

Одговор: Се прифати препораката и во тек е подготовка на интерен акт – правилник со кој ќе се уреди правото на користење на средствата за наведената намена. .

## 3. Одговор на препораките и забелешките што се однесуваат на правниот аспект на работењето на Советот

**Препорака во т. 1.1.** – СРД да ги продолжи започнатите активности во насока на укинување на Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на членовите на Советот (стр.2).

Одговор: СРД е независно регулаторно и непрофитно тело со јавни овластувања во радиодифузната дејност утврдени со Закон. Советот го донесе правилникот за усовршување согласно ЗРО кој како lex generalis регулира се што не е утврдено со друг закон. СРД на седницата одржана на 10.04.2012 година донесе одлука за ставање вон сила на предметниот правилник, што значи дека постапил по препораката на ДЗР. Иако постојниот Правилник за стручно усовршување, дообразување и специјализација на членовите на Советот не е во спротивност со постојната законска регулатива која ја уредува таа област, СРД од етички причини ја прифати дадената препорака.

*Изработиле:*

*Горан Радуновиќ*________________

*Цветанка Митревска*________________

*Слободан Беличански*________________

*Одобрила:*

*Андриана Скерлев-Чакар*________________

**Одговор**
**на Забелешките на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

Законскиот застапник на Советот за радиодифузија (Советот) достави Забелешки под архивски број 03-1082/3 од 11.04.2012 година на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 18-431/4 од 11.04.2012 година.

Овластениот државен ревизор ги разгледа Забелешките на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Забелешката на наодот во **точката 4.1.1.** од Нацрт извештајот, која се однесува на донесениот Правилник за бруто плати и надоместоци на Претседателот на Советот, Заменикот и членовите на Советот, **не се прифаќа,** поради тоа што овој акт не е уреден со Законот за радиодифузна дејност, туку само со Деловникот за работа на Советот. Правилникот со утврдените коефициенти за бруто плати е донесен од страна на самите членови на седница на Советот, спротивно на законските прописи ( ЗРДД и Законот за плата и други надоместоци на избраните и именувани лица во РМ). Изворот на обезбедување на средства за плати и други надоместоци на членовите на Советот не претставува основа за утврдување на платата и не ја ослободува Комисијата за прашања на изборите и именувања од обврската за донесување на поединечни Решенија за плати и други примања на пратениците и функционерите кои ги избира и именува Собранието на РМ.

2. Забелешката на наодот во **точката 4.1.2.** од Нацрт извештајот, која се однесува на контролата на сметководствената документација од страна на овластено лице, претставува **известување** за прифаќање на препораката и превземање на активности за задолжување на лице за контрола на сметководствената документација.

3. Забелешките на наодите во **точка 4.1.3 и 4.2.1,** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на непримената на сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени и трансакции, претставува **известување** за прифаќање на препораките дадени во ревизорскиот извештај и превземање активности за постапување по истата.

---

Ревизорски тим
1.________________
2.________________ Овластен државен ревизор
3.________________ ____________________________

4. Забелешката на наодот во **точката 4.1.4.** од Нацрт извештајот, која се однесува на начинот на вршење на пописот на средствата и изворите на средствата согласно законските и подзаконските акти за сметководството на непрофитните организации, претставува **известување** за прифаќање на препораката и превземање на активности за постапување на пописните комисии по истата. Што се однесува на укажувањето за пописните листи на нематеријалните средства, законскиот застапник не достави дополнителни докази со кои би ја оспорил констатираната состојба.

5. Забелешката на наодот во **точката 4.1.5.** од Нацрт извештајот, која се однесува на водењето на задолжителни помошни книги согласно Правилникот и Законот за сметководство на непрофитните организации, претставува **известување** за превземање на активности за спроведување на дадената препорака.

6. Забелешката на наодот во **точката 4.1.6.** од Нацрт извештајот, која се однесува на одлучувањето на Советот по одредени права на членовите, претставува **известување** за прифаќање на препораката во смисла на уредување на ова прашање со новиот Закон за радиодифузна дејност/Закон за медиуми. Во однос на забелешката дека еден член се јавува како ментор на друг член на Советот, законскиот застапник не достави дополнителни докази со кои би ја оспорил констатираната состојба.

7. Забелешката на наодот во **точката 4.1.8.** од Нацрт извештајот, која се однесува на непредавањето на проектите на националните установи за заштита на културното наследство, претставува **известување** за прифаќање на препораките дадени во ревизорскиот извештај со превземање на следните активности: формирање на Комисија за попис на целокупната продукција со која располага Советот, како и предавање на целокупната продукција на надлежните институции.

8. Забелешките на наодот во **точката 4.2.2.** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на искажаните расходи за потрошено гориво, поправки и сервисирање на софтвер и возила и расходи за исплатени дневници за службени патувања во странство, **не се прифаќаат.** Ревизијата го имаше во предвид укажувањето дека сметките за возилата се потпишани од овластени лица на Советот, но наодот на ревизијата е во насока на неизготвување на налози за користење на службено моторно возило,

неизготвување на месечни извештаи за користење на возилото како и за недонесени акти, одлуки/решенија за лицата кои ги користат возилата.

Во забелешката на законскиот застапник дадена на страна 7 **се известува** дека Советот ќе пристапи кон изработка на нов Правилник за користење на службените моторни возила кој ќе се усогласи со Систематизацијата на работните места.

Што се однесува на исплатените расходи за поправка и сервисирање на софтвер, укажувањата на ревизорот се за неприложени работни налози со кои ќе се потврди извршената работа.

За расходите кои се однесуваат на исплатените дневници за службени патувања во странство, ревизијата констатира пропусти во интерните контроли и утврди дека исплатени се повеќе дневници што не е во согласност со член 11 од Уредбата за издатоци за службени патувања при пресметката на издатоците за службено патување во странство, посебно во делот на времето поминато на службен пат.

9. Забелешките на наодот во **точката 4.2.3.** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на исплатените средства на надворешните соработници за вршењето на услуга – преглед и оценка на технички квалитет на проекти од јавен интерес, претставуваат **известување** за прифаќање на препораката и превземање на следните активности: воведување на посебен образец за евиденција на прегледаните проекти во месецот за кој се врши исплата, воведени се картици за евиденција на присуство, потпишување на картоните од страна на надвотрешните соработници, како и донесување на Процедура за контрола на трошоците за преглед и оценка на техничкиот квалитет на проектите од јавен интерес.

10. Забелешката на **точката 4.2.4** која се однесува на финансирањето на проекти од јавен интерес, од средствата прибрани од наплата на радиодифузната такса согласно стариот Закон за радиодифузна дејност („Сл.весник на РМ„ бр..20/97 и 70/03), преставува **известување** за прифаќање на препораката и задолжување на Секторот за правни работи за преземање на понатамошни активности за нејзино спроведување. Со донесувањето на новиот ЗРДД, на крајот на 2005 година престанува финансирањето на проекти од јавен интерес, поради што останатите непотрошени средства треба да се вратат во Буџетот на РМ или да се распоредат на корисниците на радиодифузна такса по проценти, согласно член 149 од Законот. Што се однесува на слободните парични средства кои не се распоредени по проекти

од јавен интерес и кои се орочувани во деловни банки, ревизијата го имаше во предвид фактот дека од истите е остварувана позитивна камата која е искажана во финансиските извештаи на Советот.

11. Забелешката на наодот во **точката 4.2.5.** од Нацрт извештајот, која се однесува на констатираните неусогласености на одделни позиции од активата и пасивата од Билансот на состојба, претставува **известување** за прифаќање на дадената препорака и преземање на иницијатива за нејзино спроведување.

12. Забелешката на наодот во **точката 4.2.6.** од Нацрт извештајот, која се однесува на неусогласеноста на искажаните податоци за вредноста на нематеријалните и материјалните средства во деловните книги со книгата на капиталниот имот, претставува **известување** за преземање на активности за прераспределување на пресметаните вредности по соодветни конта и информација за начинот на книжење на пресметаната ревалоризација со книжењата во 2011 година.

13. Забелешката на наодот во **точката 4.3.3.** од Нацрт извештајот, која се однесува на неутврдените причини за направената материјална штета на две службени возила, претставува **известување** за прифаќање на констатациите на ревизорот и преземање мерки за уредување и прецизирање на одредби за начинот на постапување при евентуални хаварии на службените возила во новиот Правилник за користење на службените возила.

14. Забелешката на наодот во **точката 4.2.7.** од Нацрт извештајот, која се однесува на активностите поврзани со начинот на постапување со ненаплатените побарувања, претставува **известување** за спроведување на препораката на ревизорот и пропишување на Процедура за следење и наплата на побарувањата од радиодифузерите.

15. Забелешката на наодот во **точката 4.2.8.** од Нацрт извештајот, која се однесува на начинот на евидентирање на сомнителните и спорни побарувања по основ на пресметан годишен надоместок за дозвола за вршење на радиодифузна дејност, претставува **известување** за прифаќање на препораката дадена во извештајот.

---

Ревизорски тим

1.________________

2.________________ Овластен државен ревизор

3.________________ ______________________________

16. Забелешката на наодот во **точката 4.2.9.** од Нацрт извештајот, која се однесува на пресметувањето на камата за ненавремено плаќање на побарувањата од радиодифузните друштва, претставува **известување** за прифаќање на препораката дадена во извештајот.

17. Забелешката на наодот во **точката 4.3.4.** од Нацрт извештајот, која се однесува на неспроведување на постапки за јавна набавка на стоки/гориво и услуги/користење на услуги за фиксна и мобилна телефонија, претставува **известување** за преземање активности за спроведување на постапки за јавни набавки за горенаведените стоки и услуги.

18. Забелешката на наодот во **точката 4.3.6.** од Нацрт извештајот, која се однесува на констатираните недоследности при спроведувањето на двете отворени постапки за јавна набавка на две моторни возила, претставува **известување** за превземени мерки за спроведување на препораката односно почнувајќи од 2011 година во постапките за јавни набавки субјектот ги користи обрасците при изработка на тендерската документација и извештаите од спроведените постапки, согласно законската и подзаконската регулатива.

19. Забелешката на наодот во **точката 7.3.** во поглавјето 7 – Нагласување на прашања на неизвесност или континуитет, која се однесува на радиодифузерите кои делумно го платиле надоместокот, дадени во Прилог бр. 2 од Нацрт извештајот не претставуваат ненаплатени побарувања со 31.12.2011 година. Податоците произлегуваат од полугодишната анализа за следење на обврската на радиодифузерите за плаќање на надоместокот за дозвола, усвоена со Заклучоците на Советот донесени на 13-та седница одржана на 22.07.2011 година, а се однесуваат на неплатен надоместок по извршено фактурирање во мај и јуни 2011 година.

Ревизорски тим

1.________________

2.________________

3.________________

Овластен државен ревизор

____________________________